














# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ДВОЈНИОТ МОРАЛ НА СДСМ ГО ТРУЕ МЕДИУМСКИОТ ПРОСТОР

**Реакција на Јакимовски на соопштението на СДСМ**

И покрај сите напори СДСМ, никако не успева да го сокрие својот двоен морал и лицемерие. Пред само една недела нивниот адвокат Вуиќ „мистер 10-ка“ (според градските озборувања, кого брани- добива најмалку 10 години) ме молеше да и ги простам клеветите на Магдалена Несторовска и да ја повлечам тужбата, а веќе денес излегуваат со нови клеветења на иста тема. Се разбира откако енергично одбив да ја повлечам тужбата и останав на ставот да и дадам уште една можност, преку вештачење, да дојде во општината и да ги брои купените гаќички кои никогаш не можат да достигнат сума од 120.000 евра, за што не и беше задоволителен одговорот на седница на Советот на општина Карпош. Секако, оваа серија лаги, клевети и дворски игри има цена и таа ќе ја платат преку судските инстанци. СДСМ дефинитвно се изгуби во својата дволичност, првенствено кон мене, кој до 2013 бев со нив и им бев фаворит за градоначалник на Скопје, бидејќи веќе добив меѓународна афирмација како најградоначалник на Југоисточна и Централна Европа, а веќе следната година кога не бев дел од СДСМ според нивниот двоен аршин станав најнедомаќин, најлош градоначалник... За разлика од нивните кандидати, кои својот рејтинг го градат само на интриги и манипулации со јавноста, јас мојот го изградив со работа и конкретни резултати. На СДСМ му треба медиумскиот простор единствено за да ги шири своите клевети, лаги и плачки и тоа конкретно против мене, за да не биде дефинитивно политички мртов. Да не сум јас по кого ќе плукаат тие немаат повод да се појават во јавноста поради својата безидејност и неинвентивност и ќе згаснат на политичката сцена. Посебно што би рекле кумановци, повторно се заплеткаа „како пиле во кучина“ со враќањето на мандатите, како лани со бојкотот на изборите, што ги чинеше шести по ред катастрофален пораз од ВМРО-ДПМНЕ. А кога веќе сме кај тендерските и политичките коалиции, СДСМ се шампиони во нивно склучување, како што беа последните претседателски и парламентарни избори кога заеднички се „ујдисаа“ во правење на неважечки ливчиња од гласовите на ГРОМ, со тајни договори. Конечно, има ли поголем егземплар за демагогијата и лицемерието на Социјалдемократскиот сојуз, кога нивниот лидер е класичен пример на феудалец во струмичко, како што велат струмичани, а потпретседателката Шеќеринска „жнее“ капиталистички кирии додека ја промовира средната класа и социјалната еднаквост.

# НОВИ ПОБЕДИ ЗА НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ ОД КАРПОШ

Победниците на училишните спортски лиги на Општина Карпош, фудбалерите од ООУ „Братство“, одбојкарките и кошаркарите од ООУ „Владо Тасевски“, ја продолжија низата успеси и на наградната екскурзија во збратимената општина Тиват. Имено, Општина Карпош за најдобрите спортисти, победниците во училишните спортски лиги, обезбеди наградно патување во Тиват, каде нашите спортски асови, покрај тоа што го прославуваат својот успех, се натпреваруваа и со своите врсници од збратимената општина. Досега, како што дознаваме од претставникот на Одделението за спорт, Димитар Бадев, фудбалерите на „Братство“ со 3-0 ги поразија црногорските ривали, а одбојкарките од „Владо Тасевки“ со 2-0 во сетови однесоа победа над своите врснички од Тиват. - Целата фудбалска екипа од „Братство“ играше компактно и несебично, со сигурна одбрана и со пожртвуваност во нападот. Предводени од незаменливата Татјана Трпезановска, фудбалерите исклучително лесно дојдоа до победата, со головите на Мартин Филипоски, Метин Рушити и Арменд Ебипи. Кај одбојкарките на „Владо Тасевски“, особено се истакна Теа Терзиевска, која ги бомбардираше Црногорките со ,,проектили'', кои, пак, несебично ги лансираше Ана Јачева. Севкупниот резултат од неколкудневната екскурзија се надеваме дека со трета победа ќе го дополнат и кошаркарите, кои предводени од Амди Муса треба да го комплетираат задоволството за Општина Карпош и за своето училиште – вели Бадев.




TV AD112




EA7

# СДСМ НЕМА ДВОЕН МОРАЛ-СДСМ НЕМА МОРАЛ!

Вие во СДСМ, за се имате право да зборите, само за морал-најмалку, е реакцијата на градонацалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, на последното од серијата дисквалификации на СДСМ упатени кон него. Дали СДСМ може да зборува за двоен морал, кога во 1999 година уште што не извадивте пиштоли и да се испотепате со Љупчо Георгиевски, за претседателските избори, кога имаше жртви и повредени, за да, од неодамна направите коалиција со него! За кого тогаш се тепавте? За Тито Петковски, тој истиот што ве симна од власт 2006 година, Ви зеде 6 пратеници и направи коалиција со Никола Груевски. Дури и денес Ви е во коалиција и благодарение на вашата слабост и низок политички капацитет што го имате, секои избори си го частите со по 5, 4 или 3 пратенички мандати. ЛДП Ви велеше дека Вие (СДСМ) и ВМРО-ДПМНЕ сте „змија или магаре“ и народот од тоа треба да одбере! Не знам што од овој избор сте вие, но факт е дека ЛДП Ви се во коалиција и дека на мртва партија и подаривте 1 градоначалничко и 3 пратенички места.

Сега и Роза Топузовска си замина, а Вие само си плачете и си шепотите, оти ЛДП е се уште Ваш партнер. Можете ли да кажете колку пати ЛП влегуваше и излегуваше од коалиција со Вас? Со Мендух Тачи си упатувавте смртни закани, се тепавте, за да потоа си праќате „љубовни пораки“, и на крајот, повторно се направите „перенде“! Вие во СДСМ немате двоен морал, вие немате морал!

Зарем е мал аргументот што Миле Зечевиќ го ликвидиравте од партијата, како што велевте, поради проневерени партиски пари, а денес ви е организационен секретар?! Пратениците кои на 24 декември беа подготвени да погинат во Собранието на РМ и излегоа претепани, денес ги направивте политички мртовци. Бранко Црвенковски кој Ви беше партиска икона и без кого видовте колку вредите, денес не го каните ниту на конвенции ни на конгреси. Е тоа е Вашиот морал во СДСМ, па оттаму, за сé можете да говорите, ама за морал не!“

# 5-КИТЕ КОНЕЧНО ВО ВИСТИНСКИТЕ РАЦЕ

Во четвртокот (19.06) во сите десет основни училишта на територија на Општина Карпош се доделуваа сведителствата на основците. Им посакуваме успех и остварување на претстојните училишни предизвици и амбиции. Изминативе години упорно работевме за нив, вложувајќи во нивното знаење, практично вложивме во иднината на Карпош









# ПАРИЧНА НАГРАДА ЗА ПРВЕНЦИТЕ-ОСНОВЦИ ОД ОПШТИНА КАРПОШ

На седница на Советот на општина Карпош, која се одржа по шеснаесетти пат во Амфитеатарот на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје во петокот (20.06), со 11 гласа за и девет воздржани, се изгласа предлог-програмата за доделување на парични средства-награди од 10.000 денари во бруто износ на 10-те ученици-полуматуранти од Карпош, за учебната 2013/2014 година, која го предложи раководителката на секторот за финансии од општина Карпош, Мирјана Ѓорѓиевска. Во таа насока, предлог-програмата за издавање под закуп на училишни спортски сали и училишен простор во општинските основни училишта, советникот од општина Карпош, Зоран Поповски излезе со предлог за кошаркарскиот клуб „Водњански лисици“ да биде финансиски ослободен од користење на спортските сали во термините за тренинг во основните училишта „Владо Тасевски“ и „Петар Поп Арсов“, кој беше едногласно усвоен од страна на присутните советници.

Илија Рајковски и Игор Лазаревски беа изгалсани како членови на училишниот одбор во основното училиште „Братство“ како една од точките на денешниот дневен ред. До крајот на седницата на Советот на општина Карпош, беа усвоени и останатите точки, програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште, одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, решение за разрешување и именување и именување членови во Управниот одбор на јавната општинска детска установа „Орце Николов“, како и разгледување на барањето на финансиски сретдства како помош за реконструкција на дел од две опожарени куќи.





# ФУДБАЛЕРИТЕ НА КФК НА ЛЕТНИ ПОДГОТОВКИ ВО МАВРОВО

„Карпош фудбал клуб“ во вторникот (24.06) ги почна своите редовни летни подготовки за настапите во есенските натпревари од фудбалските лиги во кои учествува. Фудбалерите на овој клуб, на возраст од девет до 11 години, придружувани од својот тренер и од претставник на Одделението за спорт при Општина Карпош, која финансиски го поддржува ФК „Карпош“, седум дена ќе престојуваат во Маврово, каде ќе се подготвуваат за натпреварите што ги очекуваат. Фудбалскиот клуб „Карпош“ веќе четири години настапува во фудбалските лиги, а минатата сезона (2012-13 година) беше шампион на есенскиот дел од лигата.










# ПОЧНУВА СО РАБОТА ЛИКОВНО-ОБРАЗОВНИОТ КАМП „ВАСИЛ КОЏОМАН“

Во периодот од 23 до 29 јуни, во детското одморалиште ,,Мајски цвет“ во Струга, осми пат ќе се одржи Ликовно-образовен камп за млади таленти од основните училишта во Македонија. Кампот „Васил Коџоман“ е манифестација поддржана од Општина Карпош и од Министерството за култура на Република Македонија, а ја организира Детскиот ликовен центар од општина Карпош. Годинава, 40-те ученици од основни училишта од Македонија, заедно со менторите Лилјана Ружиновска, Марица Бакоч и Влатко Костовски, ќе бидат раководени од професорот по ликовна уметност Владимир Лазовски. Тие ќе творат на повеќе локации во Струга и во Охрид и во различни дисциплини. Покрај редовните ликовни активности, учесниците заедно со менторите ќе ги посетат Спомен-куќата и галерија на слики на Ванѓел Коџоман, куќата на браќата Миладиновци во Струга, повеќе туристички места во Струга и во околината, а ќе сликаат и карактеристични мотиви од Старата чаршија во Струга. Во Охрид, пак, ќе ги посетат манастирот „Св. Наум“, „Плаошник“, Самоиловата тврдина, традиционалната стара архитектура итн. Координатор на овие настани е професорот по ликовна уметност Илија Богоевски од ООУ ,,Јан Амос Коменски“ од општина Карпош.

# ОПШТИНСКА ПОДДРШКА ЗА СТРЕМЕЖОТ КОН ВРВОТ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, во четвртокот, 26 јуни, на свечен прием им ги врачи признанијата на десетте најдобри полуматуранти кои училиштата ги избрале за првенци на генерацијата. Покрај признанијата, најдобрите ученици ќе добијат и парични награди од 9.000 денари.

Низ опуштен разговор со општинскиот татко, десетте првенци-полуматуранти му ги соопштија на Јакимовски своите планови за понатамошното школување, а тој им посака успех и изрази надеж дека и други институции ќе најдат начин да ги стимулираат нивните подеми во образованието. - Се надевам дека за четири години од сега, повторно ќе бидете првенци на генерација во средните училишта што сте ги одбрале. Имајте на ум дека градоначалникот и Општина Карпош и понатаму се зад вас, да ги поткрепат вашите достигнувања и да ви помогнат полесно да го достигнете врвот кон кој се стремите – им порача Јакимовски на десетте најдобри полуматуранти. Целта на одлуката на Советот на Општина Карпош да им се доделат на учениците парични награди и признанија е да се мотивираат најдобрите ученици. На тој начин, Општината, како општествено одговорна институција, го стимулира напредокот кај учениците и ги мотивира за учества на натпревари, конкурси и изложби на државно и меѓународно ниво.







